Анализа на јавното мислење бр.1/2019

-

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2018)

Автори: Иван Дамјановски и Мари Јеленка Кирхнер

-

Февруари 2019



IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторите и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2018)

**Изадавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автори:** Иван Дамјановски и Мари Јеленка Кирхнер

**Превод и лектура:** Јана Илиевска

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

# Заклучоци

- Споредено со 2017 година, поддршката за членство во ЕУ останува иста.
- Трендот на растечки јазови во поддршката за членство во ЕУ помеѓу етничките Македонци и етничките Албанци продожува и во 2018 година.
- ЕУ и натаму е привлечна за населението, особено земајќи предвид што процентот на испитаници кои сметаат дека членството во ЕУ е важно е во пораст.
- Забележливо е значително отстапување од претходните трендови во перцепцијата за подготвеноста на Македонија за членство во ЕУ, особено имајќи го предвид опаѓачкиот број испитаници кои сметаат дека Македонија е подготвена за членство во ЕУ.
- Недоволната информираност влијае врз нереалните перцепции на населението за подготвеноста на земјата да стане држава-членка на ЕУ.
- Најголем дел од испитаниците сметаат дека Македонија има постигнато напредок во евроинтеграциските процеси во минатата година.
- Публицитетот околу изгледите за пристапување кон ЕУ кои произлегуваат од Договорот од Преспа и поддршката која тој ја доби и од ЕУ и од функционери на држави-членки на ЕУ има само маргинално влијание врз перцепциите на народот за постигнатиот напредок во евроинтеграциските процеси во 2018 година.

- Домашните фактори и моќта за вето на соседните држави-членки на ЕУ се перцепирани како двете најголеми препреки за изгледите на Македонија за членство во ЕУ.
- Најголем дел од населението сè уште смета дека надворешните фактори се заслужни за неспособноста на земјата да влезе во ЕУ.
- Речиси половина од населението верува дека Македонија може да стане држава-членка на ЕУ во текот на следните 5 години.
- Општата јавност сè уште не е соодветно запознаена со динамиката на пристапниот процес и севкупната оценка на ЕУ за напредокот на Македонија во исполнувањето на критериумите за членство во ЕУ.
- Рационалистичко-утилитарните фактори се главната детерминанта на поддршката за членство во ЕУ.
- Очекувањата за општо подобрување на животниот стандард се највидниот фактор за поддршка на членството во ЕУ.
- Има значително зголемување на поддршката за членство во ЕУ врз основа на верувањето дека тоа ќе донесе поголема сигурност и стабилност во земјата.
- Економскиот развој и невработеноста се перципираат како клучни области во јавните политики врз коишто членството во ЕУ ќе има позитивно влијание.
- Идентитетските и вредносните фактори станураат доминантни одредници на евроскептицизмот во Македонија.
- Идентитетските импликации од спорот за името значително влијаат врз структурата на евроскептичните ставови во Македонија.

- Прашањето за името ја изгуби својата потентност како стимулатор на евроскептицизмот меѓу етничките Македонци, особено што бројот на етнички Македонци кои го поддржуваат членството на Македонија во ЕУ, дури и ако тоа е условено со промена на името на земјата, се има повеќе од удвоено од 2014 година.

- Сугестиите од политичките партии за последиците од Договорот од Преспа врз пристапувањето кон ЕУ значително влијае врз ставовите на симпатизерите на СДСМ, чијашто поддршка за членство во ЕУ, дури и ако тоа е условено со промена на името на земјата, се има зголемено за третина споредено со претходната година.

- Трендовите на постојано висока поддршка за членство во ЕУ може да се забележат кај поддржувачите на СДСМ и ДУИ.

- Процентот на симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ кои го поддржуваат и се противат на членството во ЕУ е речиси подеднаков.

- Сè поголем број поддржувачи на ВМРО-ДПМНЕ поддржуваат членство во ЕУ, дури и ако тоа е условено со промена на името на земјата.

- Една четвртина од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ остануваат вистински евроскептици.

# Вовед

Поддршката за членство на Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис"- Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година започнаа со воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања.

Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспостават детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационалистичко-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграцискиот процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата

„Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)[1]", објавена во 2014 година, која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 година, а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на европска интеграција. Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите.

1 Дамјановски, Иван. "Јавното мислење и пристапувањето на Македонија кон Европската унија (2004-2014)", Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2014 година

2 За поопсежно теоретско објаснување на моделот, видете: ibid, стр. 13-24

- Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

# За истражувањето

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2018 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016 и 2017 година. Таа го користи истиот теоретско-аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Македонија во ЕУ, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на месец декември, 2018 година на примерок од 1000 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, покрива испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во 2014, 2016 и 2017 год. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Македонија кон Европската Унија во последните пет години. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2018 год.

# Општи трендови

Наодите од нашата лонгитудинална студија за поддршката на јавноста за членство на Македонија во ЕУ во изминатата деценија укажуваат на општ тренд на постепено опаѓање на бројот на испитаниците кои би го поддржале членството на Македонија во ЕУ. Овој тренд е силно поврзан со кредибилноста на пристапната перспектива на Македонија поради тоа што долготрајната грчка блокада на пристапниот процес, влошена од серија политички кризи, значително ги намали изгледите на земјата за членство во ЕУ. Така, од 2009 година кога беше ефективно стопиран напредокот во пристапниот процес, поддршката за членство бележи постепен пад, достигнувајќи 73% во 2016 година. Од друга страна, 2018 година беше година на низа случувања кои би можеле да имаат потенцијално клучно влијание врз јавното мислење за членството на Македонија во ЕУ. Со потпишувањето на Договорот од Преспа меѓу македонската и грчката влада во јуни 2018 година веројатно се реши спорот за името помеѓу Грција и Македонија, кој беше главната причина за блокада на пристапниот процес во изминатата деценија. Со подигнувањето на ветото се отклучува процесот за членство на Македонија во ЕУ и значително се зголемува кредибилноста на пристапната перспектива. Сепак, резултатите од референдумот кој следеше и се одржа во септември и последователните случувања во македонското Собрание во поглед на носењето на уставните измени за промена на името во Северна Македонија, предизвикаа големи несогласувања во македонската политика. Додека од една страна, поддржувачите на Договорот од Преспа тврдеа дека со промената на името конечно ќе се одблокира пристапниот процес и ќе се донесе долгорочна стабилност и просперитет во земјата, противниците, вклучувајќи ја и најголемата опозициска партија во македонското Собрание, тврдеа

дека промената на уставното име ќе има катастрофални последици по македонскиот идентитет што натежнува повеќе од придобивките од повторното заживување на евроатлантските интеграциски процеси. Резултатите од истражувањето од 2018 година покажуваат дека и двата табора имале еднаков ефект врз јавното мислење за пристапувњето кон ЕУ. Споредено со 2017 год., процентот на испитаниците за или против членство во ЕУ се има едвај променето во поглед на општите трендови (табела 1). Меѓутоа, кога испитаниците се поделени по етнички групи, забележуваме растечки јаз меѓу етничките Македонци и етничките Албанци во поглед на нивната поддршка за членство во ЕУ. Резултатите од 2018 година го следат општиот тренд од минатите години, со опаѓачки број на етнички Македонци (63%, споредено со 68% во 2017 година), а растечки број на етнички Албанци (96%, споредено со 90% во 2017 год.) кои го поддржуваат потенцијалното членство на Македонија во ЕУ.

Во однос на важноста на членството во ЕУ, резултатите (табела 2) покажуваат дека ЕУ општо земено е сè уште

**Табела 1.**[3]

| Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ, како би гласале вие? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| За | 80 | 77 | 73 | 72 |
| Против | 14 | 17 | 17 | 17 |
| Не знам | 6 | 4 | 8 | 8 |
| Нема да гласам | 1 | 2 | 1 | 4 |

[3] Како резултат на заокружување децимали, вкупниот збир може да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува на сите табели)

привлечна за испитаниците. Сè на сè, процентот на испитаници кои сметаат дека членството во ЕУ е важно бележи пораст од 6% во споредба со 2017 година. Ова претставува продолжување на позитивниот тренд од минатите години. Навлегувајќи во поподробни детали, резултатите сепак покажуваат дека само групата испитаници кои го сметаат членството во ЕУ како „многу важно" без исклучок се зголемила, додека процентот на испитаници кои сметаат дека членството во ЕУ е „донекаде важно" опаѓа до 2017 година, за повторно да почне да расте во 2018 година. Исто така, растечкиот тренд на испитаници кои не придаваат никаква важност на членството во ЕУ стопира во 2018 год., а процентот на испитаници кои сметаат дека членството во ЕУ „воопшто не е важно" се намалува за 4%. Сепак, од демографски аспект, етничките поделби се исто така евидентни во овој случај, поради тоа што личната приврзаност со идејата за членство во ЕУ е послаба кај етничките Македонци.

Значително отстапување од претходните трендови може да се забележи во дистрибуцијата на ставовите поврзани

**Табела 2.**

| Колку за Вас лично е важно Македонија да влезе во Европска унија? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 |
| До некаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 |
| До некаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 |

- со перцепцијата за подготвеноста на Македонија за членство во ЕУ (табела 3), особено имајќи го предвид опаѓачкиот број испитаници кои сметаат дека Македонија е подготвена за членство во ЕУ. Така, 57% веруваат дека земјата не е подготвена, што укажува на остар пораст од 43% во 2017 година. Од споредбата со претходните години се забележува дека овие бројки следат општ тренд (и покрај малку пооптимистичкиот изглед во 2017 година). Иако оваа траекторија укажува кон развој на пообјективна перцепција за позиционирањето на Македонија во пристапниот процес, со ова исто така се потврдува и недоволната информираност која влијае врз прилично нереалните перцепции за подготвеноста на земјата да стане земја-членка на ЕУ.

Најголем дел од испитаниците (66%) потврдува дека Македонија има постигнато напредок во евроинтеграциските процеси во минатата година, мало зголемување (2%) од претходната година (табела 4). Исто како во 2017 година, 13% од испитаниците веруваат дека Македонија напреднала многу. 25% сметаат дека земјата „донекаде напреднала", пад од 6% споредено со претходната година. Може да се забележи раст кај групата испитаници

**Табела 3.**

| Дали сметате дека Македонија е подготвена за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Да | 51 | 45 | 46 | 36 |
| Не | 42 | 49 | 43 | 57 |
| Не знам | 7 | 6 | 9 | 6 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 0 | 1 | 1 |

кои сметаат дека Македонија „малку напреднала" - за 8%. Падот од 5% кај групата неопределени испитаници сугерира дека сѐ поголем број испитаници имаат развиено мислење на темата. Меѓутоа, севкупната дистрибуција на ставовите укажува дека публицитетот околу изгледите за пристапување кон ЕУ кои произлегуваат од Договорот од Преспа и огромната поддршка која тој ја доби и од ЕУ и од функционери на државите-членки на ЕУ имал само маргинално влијание врз перцепциите на народот за постигнатиот напредок во евроинтеграциските процеси во 2018 година.

Речиси нема промена во однос на перципираните причини поради кои Македонија е спречена да стане земја-членка на ЕУ (табела 5). Еднаков број испитаници (38%) сметаат дека домашните фактори и моќта на вето на соседните држави-членки на ЕУ се двете најголеми препреки за изгледите на Македонија за членство во ЕУ. Дистрибуцијата на ставовите за овие варијабли ја потврдува претпоставката за слабото влијание на Договорот од Преспа врз општите перцепции за пристапниот процес во ЕУ. Иако Договорот од Преспа потенцијално го решава најголемиот билатерален спор кој го попречуваше патот на Македонија кон ЕУ речиси

**Табела 4.**

| Во однос на изминатата година колку сметате дека Македонија напреднала во процесот на ЕУ интеграција? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 |
| Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 |
| Се случило назадување | 5 | 7 | 2 | 2 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 |

една деценија, најголем дел од населението сè уште смета дека надворешните фактори се заслужни за неспособноста на земјата да влезе во ЕУ. Но, повторно, постојат значајни разлики по ова прашање по етничка основа. Така, 60% од Албанците сметаат дека домашните фактори се главниот проблем за состојбата на пристапниот процес. За разлика од ова, повеќе од 50% од етничките Македонци сметаат дека главниот виновник за неуспехот на членството во ЕУ е вон домашната арена.

Иако огромно мнозинство од населението е сигурно дека Македонија на крајот ќе влезе во ЕУ, постојат значителни разлики во поглед на перципираната временска рамка за постигнување на таа цел (табела 6). Во споредба со 2017 година, испитаниците ги приспособиле своите очекувања за временската рамка за пристапување кон ЕУ. Сè помал број испитаници очекуваат дека земјата ќе стане членка на ЕУ во следните 3 години. Сепак, успешно пристапување во следните 10 или 5 години се чини

**Табела 5.**

| Според Вас, која е главната причина што Македонија сè уште не е дел од ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Неостварување на домашните реформи | 29 | 39 | 37 | 38 |
| Неподготвеноста на ЕУ да ја прифати Македонија како своја членка | 7 | 10 | 16 | 16 |
| Соседните држави го попречуваат влезот на Македонија во ЕУ | 59 | 47 | 37 | 38 |
| Не знам | 4 | 4 | 7 | 7 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 1 | 2 | 1 |

поверојатно за сè поголем број испитаници. Групата испитаници која смета дека членството во ЕУ нема никогаш да се случи бележи умерен пад. И покрај донекаде пореалната дистрибуција на ставови, евидентно е дека општата јавност сè уште не е соодветно запознаена со динамиката на пристапниот процес и севкупната оценка на ЕУ за напредокот на Македонија во исполнувањето на критериумите за членство во ЕУ. Така, речиси половина од населението верува дека Македонија може да стане член на ЕУ во следните 5 години, временска рамка која не соодветствува со просечното времетраење на пристапните преговори кои во случајот на Македонија допрва треба да започнат.

### Табела 6.

| Кога сметате дека Македонија ќе стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Во наредните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 |
| Во наредните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 |
| Во наредните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 |
| Во наредните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 |
| Не знам/нема одговор | 11 | 10 | 11 | 5 |

# Рационалистичко-утилитарни фактори –

Наодите од претходните истражувања покажуваат веродостојност на утилитарните фактори како клучни одредници за поддршката на народот за членство на Македонија во ЕУ. Оваа линија на аргументирање е дополнително потврдена со резултатите од истражувањето во 2018 година (табела 7). Доминантната причина за испитаниците да гласаат за членство во ЕУ се очекувањата за општо подобрување на животниот стандард. Кумулативниот процент кој вклучува други економски фактори како „намалување на невработеноста" (22%) и „мобилност на работници" (6%) сугерира дека рационалистичко-утилитарните фактори се главната детерминанта на поддршката за членство во ЕУ. Сепак, забележуваме значаен пораст во населението кое го поддржува членството во ЕУ врз основа на верувањето дека тоа ќе донесе поголема сигурност и стабилност во земјата. За разлика од ова, се јавува значително опаѓање во процентот испитаници кои ја поврзуваат својата поддршка за членство во ЕУ со очекувањата за подобрување на животниот стандард. Ваквата промена би можела

**Табела 7.**

| Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 |
| Мобилност на работници/полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 |
| Припадност кон "европското семејство на држави" | 2 | 5 | 2 | 4 |
| Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 | 23 |
| Не знам/нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 |

да е последица на зголеменото застапување на сигурносните аспекти на евроатлантските интеграции на Македонија кои доминираа во дебатата околу Договорот од Преспа и референдумот.

Во поглед на перцепциите за областите каде што се очекува дека членството во ЕУ ќе има позитивно влијание (табела 8), испитаниците продолжуваат да ги претпочитаат економските фактори како развој на економијата (20%) и намалување на невработеноста,

**Табела 8.**

| На која област најпозитивно ќе влијае членството на Македонија во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 |
| Намалување на невработеност | 23 | 18 | 21 | 19 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 |
| Подобрување на инфраструктура | 6 | 5 | 5 | 9 |
| Квалитетот на живот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 |

но сепак со опаѓачка тенденција во споредба со претходните години. Она што е интересно е дека само 9% сметаат дека инфраструктурата ќе има полза од членството во ЕУ и покрај тоа што ова е една од областите каде што ЕУ веќе инвестира во голема мера.

Додека рационалистичко-утилитарните фактори како развој на економијата

ги привлекуваат испитаниците да поддржат членство во ЕУ, противниците на пристапувањето кон ЕУ покажуваат јасно вредносно резонирање на нивното противење на членството на Македонија во ЕУ. Ова сигнализира промена од претходните години кога пристапувањето кон ЕУ беше повеќе перципирано како економска отколку културна закана за земјата. Од 2016 година, се забележува опаѓачки тренд во групата испитаници кои тврдат дека со членството во ЕУ ќе се влоши животниот стандард (табела 9). За разлика од ова, се јавува значителен раст во дистрибуцијата на ставови кои ги истакнуваат идентитетските варијабли како извор на евроскептицизам. Промената на уставното име и стравот од загуба на националниот идентитет за првпат стануваат доминантни чинители на евроскептичната енергија во земјата. Во 2018 година, групата испитаници кои се противат на членството заради обидите за промена на уставното име се зголемува за 10% во споредба со 2017 година и за 19% во споредба со 2016 година. Процентот испитаници кои се загрижени за загубата на националниот идентитет бележи пораст за 8% од 2017 до 2018 година и за 15% во споредба со резултатите од 2016 година.

**Табела 9.**

| Која е причината за вашиот глас против членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Влошување на животниот стандард | 33 | 37 | 26 | 16 |
| Загрозување на македонската економија | 13 | 16 | 11 | 8 |
| Обидите за промена на уставното име на државата | 11 | 7 | 16 | 26 |
| Губење на националниот идентитет | 13 | 10 | 17 | 25 |
| Ќе станеме зависни од Брисел | 11 | 6 | 7 | 3 |
| Губење на суверенитетот и независноста на државата | 7 | 5 | 8 | 9 |
| ЕУ не нè сака | 6 | 12 | 10 | 12 |
| Не знам / нема одговор | 6 | 8 | 4 | 1 |

# Идентитетски и вредносни фактори

Иако нашата лонгитудинална анализа на детерминантите на поддршката за членство на Македонија во ЕУ ги идентификува утилитарните размислувања како доминантен фактор при формирањето ставови, таа исто така покажа дека има значајна поврзаност со идентитетските и вредносните фактори, особено во однос на релативниот раст на евроскептичната енергија во земјата.

Идентитетските себе-перцепции во Македонија се споредливи со други европски земји каде што ексклузивната национална самоидентификација е широко распространета. Голем број од испитаниците (69%) се поврзуваат со ексклузивна етно-национална самоидентификација (табела 10). Процентните поени бележат мала промена во споредба со 2017 година, сепак само со цел да ги достигнат (речиси) истите нивоа како во 2014 година. Во 2017 година беше достигнат врвот во ексклузивната национална самоидентификација, меѓутоа овој тренд не продолжува. Додека 20% од испитаниците имаат двоен идентитет, етно-национален и секундарен, европски идентитет, бројот на испитаници кои му даваат предност на својот европски идентитет останува незначаен.

Сепак, наодите од претходните истражувања покажуваат дека ексклузивниот национален идентитет не генерира per se евроскептични ставови. Резултатите од истражувањето од 2018 година го поткрепуваат овој аргумент. Така, повеќе од 70% од испитаниците кои изразуваат ексклузивен етно-национален идентитет се истовремено поддржувачи на членството на Македонија во ЕУ, 5% повеќе отколку во 2017 година. Очекувано, поддршката за членство во ЕУ е поголема меѓу оние испитаници кои изразуваат двоен (етно-национален и европски) идентитет.

Од друга страна, како што нашите наоди веќе покажаа (види табела 9),

- идентитетските и вредносните фактори стануваат значаен обликувач на евроскептичната енергија во земјата. Во овој контекст, спорот за името и неговите идентитетски ефекти се наметнуваат како клучна варијабла за формирањето евроскептични ставови и како најважен придонесувач кон растечките варијации во поддршката за членство во ЕУ меѓу двете најголеми етнички групи во земјата. Општо земено, овие претпоставки се сè уште валидни во 2018 година (табела 11). Високо чувствителна тема во 2018 година беше дебатата за импликациите од промената на името на земјата во „Северна Македонија“ како последица од Договорот од Преспа. Оваа дебата, како што покажуваат резултатите, не била многу релевантна за испитаниците - етнички Албанци кои убедливо го поддржуваат членството во ЕУ дури и ако тоа е условено со промена на името на земјата (92%).

**Табела 10.**

| Пред сè, дали се чувствувате како? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % |
|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друг | 69 | 70 | 77 | 69 |
| Македонец/ Албанец/ друг и Европеец | 20 | 20 | 15 | 20 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друг | 6 | 7 | 3 | 4 |
| Само Европеец | 3 | 3 | 3 | 5 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 |

Во споредба со ова, само 33% од испитаниците - етнички Македонци имаат волја да прифатат отстапки за името на земјата. 48% од етничките Македонци се против членство во ЕУ ако тоа е условено со промена на името, 11% безусловно се противат на членство во ЕУ. Како и да е, дури и ако овие бројки околу противењето кон промена на името се чинат високи, всушност се забележува остар пад во трендот од претходните години за 26% од 2016 година кога 74% од етничките Македонци се противеле на членство во ЕУ условено со промена на името (споредено со 36% од етничките Албанци). Лонгитудиналната анализа покажува дека прашањето за името ја има изгубено својата потентност како предвидувачки фактор на евроскептицизмот меѓу етничките Македонци, особено што бројот на етнички Македонци кои го поддржуваат членството на Македонија во ЕУ, дури и ако тоа е условено со промена на името на земјата, се има повеќе од удвоено од 2014 година.

Овие резултати даваат прониклива перспектива на ефектите од спорот за името врз јавното мислење за пристапниот процес кон ЕУ во Македонија. Станува евидентно дека идентитетските импликации од спорот за името значително влијаат врз структурата на евроскептичните ставови во Македонија. Ако се отстрани промената на името како услов за членство во ЕУ, кумулативниот процент на испитаници кои поддржуваат членство во ЕУ е 86%, 8% повеќе отколку во 2017 година. Од друга страна, само 11% се етаблираат како вистински евроскептици.

Табела 11.

| Дали сакате/поддржувате Македонија да стане членка на Европската Унија? | | 2014 | | | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Општи резултати | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Општи резултати | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Општи резултати | Етнички Македонци | Етнички Албанци | Општи резултати | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
| Да, дури и доколку влезот во ЕУ е условен со промена на државното име | % | 26 | 15 | 61 | 22 | 13 | 55 | 33 | 19 | 80 | 49 | 33 | 92 |
| Да, но без отстапки за името на државата | % | 63 | 74 | 28 | 66 | 74 | 36 | 45 | 56 | 9 | 37 | 48 | 6 |
| Не | % | 6 | 7 | 2 | 9 | 10 | 5 | 15 | 18 | 5 | 11 | 15 | 1 |
| Не знам | % | 4 | 3 | 8 | 3 | 2 | 4 | 6 | 6 | 5 | 2 | 2 | 2 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | % | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - | 1 | - | - | 2 | 2 | - |

# Сугестии од политички партии

Со анализата на претходните истражувања се потврди влијанието на партиските сугестии врз поддршката за членство во ЕУ меѓу партиските симпатизери. Во оваа смисла, 2018 година е особено интересна година имајќи ги предвид конфликтноста и спротивставените ставови на главните владејачки и опозициски политички партии во поглед на Договорот од Преспа и последователниот референдум и уставните измени во македонското Собрание. Од една страна, владејачката коалиција предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и Демократската унија за интеграција (ДУИ), која го поддржа потпишувањето на Договорот од Преспа, ги искористи придобивките од напредувањето во процесите за пристапување кон ЕУ и НАТО како клучна порака во својата јавна кампања за промоција на Договорот од Преспа. Оваа позиција беше гласно одобрена од ЕУ и нејзините држави-членки. Спротивно на ова, главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ беше жесток противник на Договорот од Преспа. Нивниот цврст став во јавната дебата и нивната одлука ефективно да го бојкотираат референдумот привлече значајна критика од функционерите на ЕУ во втората половина од 2018 година. Следствено, претпоставуваме дека овие случувања влијаеле врз поддршката за членство во ЕУ меѓу партиските симпатизери на главните политички партии во Македонија, односно голема поддршка меѓу поддржувачите на СДСМ и ДУИ и растечки евроскептицизам меѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ.

Резултатите од истражувањето генерално ја потврдуваат ваквата претпоставка. Меѓу 2014 и 2018 година, поддржувачите на СДСМ и ДУИ ја одржуваат својата висока поддршка за членството во Европската унија. Во 2018 година, 89% од симпатизерите на СДСМ би гласале за членство во Европската унија, 6% повеќе од претходната година. Континуирано висока поддршка исто така може да се забележи кај електоратот на ДУИ со зачудувачки 99% поддршка за членство во ЕУ во 2018 година. Од

друга страна, може да се забележат значителни промени во ставовите кај електоратот на ВМРО-ДПМНЕ. Додека во 2014 година, 77% од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ биле за членство во ЕУ, овој процент паѓа на 60% во 2017 и го достигнува најниското ниво од 49% во 2018 година. Евидентниот опаѓачки тренд во поддршката за членство во ЕУ е придружен со раст на ставовите на противење на членството на Македонија во ЕУ. Во 2018 година, за прв пат процентите кај поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ за (49%) и против (44%) членство во ЕУ речиси се поистоветуваат.

Влијанието на партиските сугестии исто така може да се одгатне и во случајот каде што поддршката за членство е соочена со условот за промена на името како дополнителна варијабла.

**Табела 12.**

| Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ, како би гласале вие? | | 2014 | | | | | 2017 | | | | | 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Undecided | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени |
| За | % | 77 | 86 | 94 | 69 | 80 | 60 | 83 | 90 | 60 | 70 | 49 | 89 | 99 | 61 | 80 |
| Против | % | 16 | 12 | 4 | 21 | 10 | 31 | 10 | 7 | 26 | 17 | 44 | 5 | 1 | 21 | 4 |
| Не знам | % | 7 | 2 | - | 8 | 9 | 8 | 6 | 3 | 9 | 12 | 5 | 4 | - | 11 | 12 |
| Нема да гласам | % | 1 | - | 2 | 2 | 1 | 1 | - | - | 6 | 1 | 2 | 2 | - | 7 | 4 |

Партиските сугестии се највидливи во динамиката на поддршка меѓу симпатизерите на СДСМ. Додека во 2014 година, 59% од испитаниците сè уште се противеле на членство во ЕУ под услов промена на името на земјата, во 2018 година 67% од поддржувачите на СДСМ поддржуваат членство во ЕУ дури и ако тоа е условено со промена на името на земјата, раст од 32% во споредба со 2017 година. Слично, меѓу поддржувачите на ДУИ се јавува евидентен тренд на ослабување на приврзаноста на испитаниците со уставното (во тој момент) име на земјата. Во 2018 година, само 4% сакаат да се држат до името, додека 96% поддржуваат членство во ЕУ без разлика на влијанието врз името на земјата. Изненадувачки, постои нагорен тренд (од 12% во 2017 на 23% во 2018 година) меѓу поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ кои би одбрале членство во ЕУ и покрај промената на името на Македонија. Сепак, околу една четвртина од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ остануваат вистински евроскептици, што е значително зголемување на процентот од евидентираните 7% во 2014 година.

**Табела 13.**

| Дали сакате/поддржувате Македонија да стане членка на Европската Унија? | | 2014 | | | | | 2017 | | | | | 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Ниту една | Неопределени |
| Да, дури и доколку влезот во ЕУ е условен со промена на државното | % | 10 | 39 | 76 | 43 | 16 | 12 | 35 | 84 | 25 | 37 | 23 | 67 | 96 | 30 | 48 |
| Да, но без отстапки за името на државата | % | 83 | 59 | 22 | 45 | 79 | 60 | 58 | 10 | 43 | 51 | 52 | 29 | 4 | 45 | 48 |
| Не | % | 7 | 2 | 2 | 11 | 5 | 28 | 8 | 6 | 32 | 13 | 25 | 2 | - | 20 | - |

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број/факс:
+389 2 321 70 75; +389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е граѓанска тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Ѓуро Ѓаковиќ
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр./ факс: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторите

–

**Иван Дамјановски** е вонреден професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Неговите истражувачки интереси се фокусираат на европеизацијата на земјите кандидати за членство во ЕУ, проширувањето на ЕУ, теорија за европска интеграција и политики на етнички идентитети.

**Мари Јеленка Кирхнер** е магистрант по централно и источноевропски студии на Јагелонскиот универзитет во Краков и основач на „European Thinkers' Lab". Нејзините истражувања се фокусираат на европеизацијата и европската надворешна политика, особено во поглед на проширувањето на ЕУ.

# Линк

–

**Ова издание е електронски достапно на:**

**-**

https://idscs.org.mk/mk/portfolio/анализа-на-јавното-мислење-за-македон-3/

Анализа на јавното мислење
бр.1/2019

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2018)

Автори: Иван Дамјановски
и Мари Јеленка Кирхнер

-

Февруари 2019

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG